ZOONYMS IN COMPARATIVE PHRASEOLOGICAL EXPRESSIONS IN THE MACEDONIAN LANGUAGE

ЗООНИМИТЕ ВО СПОРЕДБЕНИТЕ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Сунчица ТРИФУНОВСКА ЈАНИЌ[1], Антоанета ТРИМЧЕВИЌ[2], Душко ДЕСПОТОВСКИ[3]

*Corresponding author e-mail: sunchica.tj@vision.edu.mk, bogdanoska1304@gmail.com, dusko.despotovski@gmail.com

Апстракт

Предмет на истражување во овој труд се споредбените фразеологизми со зоонимска компонента во македонскиот јазик, кои се употребуваат за означување на карактерните особини, темпераментот, емоционалните состојби и начинот на физичко движење на човекот. Целта на истражувањето е да се издвојат и семантички да се анализираат овие фразеолошки единици, со посебен осврт на значењето, мотивираноста и експресивните особености на зоонимската компонента во нивното формирање. Анализата е насочена кон утврдување на врската меѓу традиционалните претстави за животните и нивното пренесено значење во јазичното претставување на човекот. Преку разгледувањето на избрани фразеолошки единици се согледуваат начините на кои својствата и однесувањето на животните стануваат основа за сликовито означување на човечките особини, постапки и движења. Посебно внимание се посветува на семантичката разновидност на овие изрази, како и на нивната улога во јазичното обликување на претставите за човекот.

Клучни зборови: македонски јазик, фразеологија, семантика, зооними, споредбени фразеологизми.

Abstract

This paper examines comparative phraseological expressions containing a zoonym component in the Macedonian language, which are used to denote human character traits, temperament, emotional states, and patterns of physical movement. The aim of the study is to identify and semantically analyse these phraseological units, with particular emphasis on the meaning, motivation, and expressive features of the zoonym component in their formation. The analysis focuses on establishing the relationship between traditional representations of animals and their transferred meanings in the linguistic representation of human beings. Through the examination of selected phraseological units, the study explores the ways in which animals' characteristics and behaviour serve as the basis for figurative expressions denoting human traits, actions, and movements. Particular attention is paid to the semantic diversity and evaluative function of these expressions, as well as to their role in the linguistic construction of representations of human beings.

Keywords: Macedonian language, phraseology, semantics, zoonyms, comparative phraseological expressions.

Вовед

Односот меѓу човекот и животинскиот свет низ историјата се воспоставувал и се развивал во различни сфери на човековото живеење. Животните имале значајна улога во секојдневието на човекот, обезбедувајќи му храна, материјали за изработка на облека, помош при извршувањето на различни работи, но биле и придружници и заштитници. Поради непосредната поврзаност со животинскиот свет, човекот уште од најстарите времиња ги набљудувал и ги препознавал карактеристичните својства, изгледот и начините на однесување на животните, воспоставувајќи притоа паралели со сопствените особини и постапки.

[1] *Faculty of Social Sciences, International Vision University, Gostivar*
[2] *Institute for the Macedonian Language "Krste Misirkov", Skopje*
[3] *Institute for the Macedonian Language "Krste Misirkov", Skopje*

https://doi.org/10.62792/ut.icfra.y2026.i2.pp123

Ваквата поврзаност се одразила и врз јазикот, особено во создавањето на изрази преку кои човекот се опишува со посредство на претстави поврзани со животните. Одредени животни во народната традиција и во јазичната слика на светот се поврзуваат со конкретни особини: лисицата со лукавството, кучето со верноста, лавот со силата и храброста, јагнето со кроткоста, а зајакот со плашливоста. Овие асоцијации претставуваат значајна основа за пренесување на животинските својства врз човекот и за формирање на сликовити јазични изрази со кои се карактеризираат неговите физички и психички особености, однесувањето и постапките.

Споредбените фразеологизми со зоонимска компонента претставуваат посебна група во рамките на зоонимската фразеологија. Нивната семантичка структура се заснова врз воспоставувањето споредбен однос меѓу човекот и животното, при што одредени својства и особености на животното се пренесуваат врз човекот. На тој начин се создаваат јазични конструкции што овозможуваат сликовито и експресивно претставување на човековите карактеристики. Така, во фраземите храбар како лав и силен/јак како коњ се истакнуваат физичката сила и храброста, во слаб како црв и дебел како мечка се нагласуваат телесните особености, додека во плашлив како зајак и тврдоглав како магаре на мост се изразуваат одредени психички и карактерни својства.

Од семантички аспект, овие фразеологизми опфаќаат различни значенски категории. Во овој труд вниманието е насочено кон фразеолошките единици преку кои се претставуваат карактерните особини на човекот, неговиот темперамент и емоционални состојби, начинот на однесување, како и начинот на физичко движење. Ваквата поделба овозможува да се согледа разновидноста на значењата што се реализираат преку зоонимската компонента, но и да се укаже на семантичките допирни точки меѓу одделните групи.

Застапеноста на зоонимските фразеологизми во македонскиот фразеолошки фонд се потврдува и со нивното регистрирање во лексикографските дела посветени на оваа јазична област. Меѓу нив особено значајни се Фразеолошкиот речник на македонскиот јазик (Димитровски, Ширилов 2003), Македонската фразеологија со мал фразеолошки речник (Велковска 2008), како и Фразеолошкото богатство на современата македонска литература (Макаријоска, Павлеска-Георгиевска 2024), во кои се документирани бројни фразеолошки единици со зоонимска компонента. Овие дела претставуваат значајна основа за проучување на семантичките и структурните особености на фразеологизмите во современиот македонски јазик.

1. Фразеологизми што означуваат карактерни особини на човекот

Во рамките на споредбените фразеологизми со зоонимска компонента особено се застапени единиците преку кои се означуваат различни карактерни особини на човекот. Нивната семантичка мотивираност најчесто произлегува од традиционалните претстави за одделни животни, односно од својствата и начините на однесување што им се припишуваат во народната култура. Преку споредбата со животното, определена човечка особина се издвојува и се претставува на експресивен и сликовит начин.

Една од особините што се поврзува со животинскиот свет е итрината. Во изразите итра како лисица и како лисица е, зоонимот лисица ја активира претставата за лукавство, снаодливост и префриганост. Пр. Оваа девојка е итра како лисица. Мотивираноста на овие фразеолошки единици произлегува од традиционалното доживување на лисицата како животно што умее да се приспособи на различни околности и да ги надмудри другите. Со нив се карактеризира човек кој постапува итро, се служи со лукавство или настојува да ја оствари својата цел преку прикриени и вешти постапки. Сличен пример

е забележан и кај Трифуновска Јаниќ (2024: 312), која во материјалот од тетовскиот говор ја наведува фраземата итар ка лисица, со значење ‘итар, префриган човек’.
Тврдоглавоста се претставува преку зоонимот магаре. Во изразот како магаре на мост се активира сликата за животно кое одбива да се движи и упорно се спротивставува. Пр. Тврдоглав како магаре на мост. Фразеологизмот означува човек кој не попушта, цврсто се држи до сопственото мислење и тешко прифаќа туѓи ставови. Во овој пример семантичката мотивираност не произлегува само од називот на животното, туку и од конкретната ситуација содржана во споредбата, која ја засилува претставата за упорноста и непопустливоста.
Суетата и вообразеноста се претставени преку зоонимот паун. Во изразите парадира како паун, се дуе како паун, шета како паун пред парење се опишува човек кој се истакнува, се перчи и настојува да го привлече вниманието на околината. Пр. Човеков шета како паун по канцелариите. Мотивираноста на овие фразеологизми се поврзува со впечатливиот надворешен изглед на паунот и со неговото карактеристично движење при покажувањето на перјето. На тој начин, однесувањето на паунот станува основа за карактеризирање на човековата потреба за истакнување.
Позитивно вреднуваните карактерни особини се претставени и преку зоонимот јагне. Во фразеологизмите кроток како јагне, како јагне е, како кротко јагне и како невино јагне се истакнуваат благоста, мирниот карактер, послушноста и невиноста. Пр. Детето е кротоко како јагне. Јагнето во овие примери се јавува како симбол на кроткост и ненаметливост, па споредбата се употребува за човек кој не е склон кон агресивност и се однесува мирно и благо. Во книгата Фразеолошкото богатство на современата македонска литература (Макаријоска, Павлеска-Георгиевска 2024: 131) е забележана и варијантата кроток и весел како рудо јагне, со значење ‘весел, невин, расположен’. Во оваа варијанта, покрај кроткоста, се истакнуваат и веселоста и позитивното расположение, со што се проширува значенскиот опсег на споредбата.
Храброста и смелоста се претставуваат преку зоонимите лав и орел. Во фраземата силен/храбар како лав се поврзуваат физичката сила и храброста, при што лавот се јавува како симбол на моќ, достоинство и непоколебливост. Пр. Тој е силен како лав. Слична семантичка мотивираност има и изразот силен и смел како орел, со значење ‘многу смел’ (Макаријоска, Павлеска-Георгиевска 2024: 158). Во овој случај, орелот се поврзува со силата и смелоста, односно со претставата за животно што се одликува со моќ и слободно движење. Овие примери покажуваат дека зоонимската компонента може да има позитивна оценска функција, овозможувајќи истакнување на особини што вообичаено се сметаат за пожелни кај човекот.
Наспроти храброста, плашливоста се претставува преку зоонимот зајак. Во изразот има срце како на зајак се означува човек кој е плашлив и нема доволно храброст да се соочи со одредена ситуација. Пр. Овој човек има срце како на зајак. Слична значенска вредност има и споредбата како исплашен зајак, со која се засилува претставата за изразен страв. Мотивираноста на овие фразеолошки единици се заснова врз традиционалната претстава за зајакот како плашливо животно кое брзо реагира на опасност и настојува да се оддалечи од неа.

2. Фразеологизми што означуваат темперамент и емоционални состојби

Покрај релативно трајните карактерни особини, во споредбените фразеологизми со зоонимска компонента се претставуваат и моменталните емоционални состојби и темпераментните реакции на човекот. За разлика од фразеологизмите што упатуваат на постојани црти на личноста, овие единици најчесто означуваат состојби што се јавуваат

како резултат на конкретни околности. Споредбата со животното придонесува за засилување на емоционалната слика и за поголема експресивност на изразот.
Стравот и *несигурноста* во анализираниот материјал се забележани во фраземата *исплашен како јагне во туѓо трло*. Пр. *Види го исплашен е како јагне во туѓо трло*. Во неа, сликата на јагнето кое се наоѓа во непозната средина ја претставува несигурноста и чувството на страв кај човекот. Оваа фразема може да упатува на моментална состојба предизвикана од непознати околности и чувство на несигурност.
Лутината и *вознемиреноста* се претставени преку зоонимот *лавица*. Во изразот *како лавица во кафез* се истакнуваат бесот, нервозата и немирот. Претставата за лавицата затворена во кафез, која не е во можност за слободно движење, ја засилува сликата за човек кој е вознемирен и тешко ја контролира сопствената реакција. Слична емоционална компонента се забележува и во изразот *шета како бесен лав*, во кој лутината на човекот се претставува преку немирно и постојано движење.
Веселото и позитивното расположение се претставени преку зоонимите *птица* и *штурец*. Во фраземата *весела како птица* споредбата ја нагласува ведрината, леснотијата и позитивното расположение на човекот. Во фраземата *скока како штурец* се истакнуваат живоста, разиграноста и безгрижноста. Иако во неговата структура е присутен глагол што означува физичко движење, значењето на фразеологизмот не се сведува само на начинот на скокање, туку упатува и на емоционалната состојба на човекот.

3. Фразеологизми што означуваат начин на однесување и постапување

Посебна семантичка група сочинуваат фразеологизмите преку кои се претставуваат начинот на однесување на човекот и неговите постапки во одредени ситуации. За разлика од единиците што означуваат релативно трајни карактерни особини, овие изрази најчесто упатуваат на конкретни дејства, повторливи постапки или односот на човекот кон другите. Зоонимската компонента во нив има значајна улога во обликувањето на сликовитата претстава за човековото однесување, а често придонесува и за изразување негативна оценка.
Особено интересна група претставуваат фразеологизмите со зоонимската компонента *ајван*, назив кој се употребува за означување животно, односно добиток. Во овие изрази се одразуваат традиционалните претстави за животните, кои се користат како основа за претставување на различни човечки постапки и особини. Во фраземата *нагрне како ајвани на сол* се претставува алчно и лакомо однесување, односно неконтролирано насочување кон нешто што се посакува. Во изразите *оди по некого како ајванче* и *оди по него како загар* ‘слепо го следи’ се истакнува следење на друго лице, без самостојно размислување. Тука споредбата ја нагласува зависноста од туѓото однесување и недостигот од самостојност при донесувањето одлуки. Во двата примери зоонимската компонента придонесува за негативно вреднување на човековото постапување.
Непромисленоста е претставена преку изразот *се истрчува/трча како прле пред магаре*. Со него се означува човек кој избрзува со своите постапки или со донесувањето одлуки, без претходно да ги процени можните последици.

4. Фразеологизми со зоонимска компонента што го означуваат начинот на физичко движење на човекот

Во рамките на споредбените фразеологизми со зоонимска компонента се издвојуваат и фраземите преку кои се опишуваат начинот, брзината и специфичните карактеристики на физичкото движење на човекот. Во овие фразеолошки единици споредбата се заснова

врз препознатливите начини на движење на одделни животни, чии својства се пренесуваат врз човекот. Зоонимската компонента придонесува за создавање непосредна сликовита претстава за темпото, динамиката и изгледот на движењето.
Глаголите кои означуваат движење во македонскиот јазик имаат богата семантика, изразувајќи различни аспекти и начини на движење. (Трифуновска Јаниќ, Деспотовски 2024: 206). Бавното движење се претставува преку фразеологизмите *се влече како полжав*, *оди како желка* и *спор како желка.* Со нив се означува човек кој се движи или оди со многу бавно темпо. Семантичката мотивираност на овие изрази произлегува од претставата за бавното движење на полжавот и желката, кои во јазичната слика на светот се препознаваат како симболи на бавноста. Преку споредбата се нагласува бавното темпо на човековото движење, а во зависност од контекстот може да се изрази и негативна оценка за неговата недоволна брзина. Пр. *Таа се влече како желка во работат.*
Наспроти нив, *брзината на движењето* се истакнува преку изразите *лета како птица*, *како јастреб летна* ‘набрзина се стрча’, *трча како зајак* и *брз како зајак*. Во овие примери се нагласува способноста на човекот да се движи со голема брзина. Притоа, споредбата со птицата ја активира претставата за леснотијата и брзината на летањето, додека зајакот се поврзува со неговото брзо трчање кога е во опасност. Со фраземата *бега како зајак* се означува брзо бегање, при што споредбата ја истакнува не само брзината на движењето, туку и неговата насоченост, односно оддалечувањето од определена опасност или непосакувана ситуација. Во фраземата *како зајак летна* се истакнува ненадејното и многу брзо затрчување на човекот. Пр. *Како зајак летка кога го викнавме.* Споредбата се заснова врз претставата за брзината на зајакот, која се пренесува врз човековото движење.
Посебна група претставуваат фразеологизмите преку кои се опишуваат изгледот, грациозноста и специфичниот начин на движење на човекот. Во изразот *се движи како газела* се истакнуваат леснотијата, елеганцијата и грациозноста на движењето. Наспроти ова, *несмасното одење* се претставува преку изразите *оди како шатка* и *оди како пингвин*. Во нив се активира претставата за специфичниот начин на движење на овие животни, кој се поврзува со отежнато, невообичаено или несмасно одење. На тој начин, преку споредбата се создава слика за човек чие движење не потсетува на овие животни. Во фраземата *како змија се влече* акцентот е ставен врз извивањето на телото при што споредбата со змијата го нагласува специфичниот начин на движењето. Фраземата *се провира како гуштерица* означува движење при кое човекот се протнува низ тесен простор или се обидува да помине низ тешко пристапно место. Зоонимската компонента *гуштерица* упатува на специфичниот начин на движење на ова животно, односно на неговата способност да се провлекува низ тесни простори. Во фраземата *лази како свиждалник* се истакнува движењето непосредно по земјата, при што човекот се движи со лазење, односно со влечење на телото по подлогата. Пр. *Таа не оди туку лази како свиждалник.*
Немирното движење се претставува преку изразот *шета како пиле во кафез*. Со него се опишува човек кој постојано се движи, не може да се задржи на едно место и е нервозен. Слична поврзаност меѓу физичкото движење и емоционалната состојба се забележува и во изразот *шета како бесен лав*, во кој начинот на движење е непосредно поврзан со состојбата на лутина и вознемиреност.

Заклучок

Анализата на споредбените фразеологизми со зоонимска компонента покажа дека тие опфаќаат разновидни значенски категории преку кои се претставуваат карактерните особини, темпераментот, емоционалните состојби, начинот на однесување и физичкото движење на човекот. Нивната семантичка мотивираност најчесто произлегува од традиционалните претстави за изгледот, својствата и однесувањето на животните, кои се пренесуваат врз човекот и придонесуваат за сликовито и експресивно изразување на неговите особености.

Преку анализираните примери се потврдува дека зоонимската компонента има значајна улога во обликувањето на значењето и оценската функција на овие фразеолошки единици. Тие претставуваат јазичен одраз на поврзаноста меѓу човекот и животинскиот свет, но и на традиционалните културни претстави што се вградени во фразеолошкиот фонд на македонскиот јазик.

Референци

[1]. Велковска, С. (2008). *Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник*, Скопје

[2]. Димитровски, Т. Ширилов Т. (2003 –2009). *Фразеолошки речник на македонскиот јазик*, Скопје: Огледало

[3]. Ермакова, Л. Марков, Б. (1981). *Краток руско-македонски фразеолошки речник*, Скопје: УКИМ

[4]. Кобелева, И. А. (2012). *Современная русская диалектная фразеология*: лексико-грамматический и лексикографический аспекты,Сыктывкар.

[5]. Краева В. Ю. (2007). *Диалектная фразеология русских говоров Алтая* (лингвокультурологический аспект), Барнаул.

[6]. Макаријоска, Л. Павлеска-Георгиевска, Б. (2024). *Фразеолошкото богатство на современата македонска литература*, Скопје

[7]. Пеев К. (1972). *Фразеолошките изрази во македонскиот јазик.* Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.

[8]. Трифуновска Јаниќ, С. (2024). *Фразеолошките изрази кај младите на интернет*, Тетово, Списание: *Филологија,* стр. 311 – 315.

[9]. Трифуновска Јаниќ, С. Деспотовски, Д. (2024). *Семантиката на дел од глаголите кои значат движење во македонскиот јазик и споредба со другите јужнословенски јазици*, Зборник на L Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид (1 – 3 септември 2023), стр. 206 – 215.

[10]. ТРМЈ. (2003-2014). *Толковен речник на македонскиот јазик*, том I-VI, Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“.